Врз основа на член 33 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), министерката за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за дополнување на Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта**

**Член 1**

Во Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта бр.12-4095/1 од 23.03.2020 година, во член 7 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Дополнителната настава за учениците во прво и четврто одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати (во случај на поголем број ученици со иста потреба) или по петте задолжителни саати (доколку се работи за мал број ученици – индивидуализиран пристап во планирањето).“

**Член 2**

Во член 10 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Реализацијата на дополнителната настава за учениците од прво и четврто одделение, наставникот ја планира во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на други активности, а ги евидентира во електронскиот дневник само активностите што ги презема и со која цел.“

Ставот 2 станува став 3.

**Член 3**

Во член 14 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Додатна настава за учениците во прво и четврто одделение може да се реализира преку проектни и истражувачки активности, преку слободните изборни предмети, а додатни часови за подготовка за натпревар – по петте задолжителни саати на престој.“

**Член 4**

Во член 18 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Реализацијата на додатната настава за учениците од прво и четврто одделение, наставникот ја планира во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на други

активности, а ги евидентира во електронскиот дневник само активностите што ги презема и со која цел.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 18-13384/2** **М И Н И С Т Е Р К А,**

**16 .09.2021 година** **Мила Царовска с.р.**

**Скопје**